**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“бр. 17/2018), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансиска поддршка за основање на 1 (еден) нов технолошки парк

1. **Предмет на јавниот повик** е кофинансирање на проект за основање на нов технолошки парк во рамките на универзитетите во Република Македонија и тоа 75% од потребните средства но не повеќе од 1.500.000,00 денари

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година дел II област А. Поддршка и развој на мали и средни претпријатија, мерка 8 - Кофинансирање на проекти за основање на нов технолошки парк во рамките на универзитетите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“бр. 17/2018) се предвидени средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

2. **Право на учество на јавниот повик** имаат сите универзитети регистрирани во Република Македонија кои ги исполнуваат следните услови:

   -во рамките на универзитетот да постојат факултетите од областа на техничките науки, технолошките науки и информатичките науки;
   -да располага со простор за технолошкиот парк од минимум 100 квадратни метри.

3. **Потребни документи за пријавување:**
   - Образец „Барање - КП ТП 2018“;
   - Доказ дека универзитетот е основан, регистриран;
   - Доказ за основање на гореспоменатите факултети;
   - Доказ дека еден или повеќе факултети од погоренаведените имаат основано претпријатие за ова намена (Тековна состојба од Централен регистер на РМ);
   - Бизнис план за технолошкиот парк;
   - Доказ за расположливиот простор наменет за технолошки парк;
   - Изјава дека за проектот со кој аплицира досега не користел средства од Буџетот на РМ или од странски донатори, заверена на нотар.
   - Уплатница на износ од 50,00 денари ( *Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна сметка:* 840________ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00 ).

**Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во оригинал или копија.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**

Образецот „Барање –КП ТП 2018“ за пријавување на јавниот повик, подносителите може да го подигнат од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk и порталот www.konkurentnost.mk

**4. Критериуми за оценување на проектите**:

1. Бизнис план - 70 бода
2. Простор (големина на простор, дали е опремен со потребната инфраструктура и сл.) -30 бода

Барањата за кофинансирање на проекти за основање на нов технолошки парк во рамките на универзитетите во Република Македонија ќе ги разгледува Комисија формирана од страна на министерот за економија.

По изборот на факултетот на чиј простор ќе се основа технолошки парк, Министерството за економија ќе склучи Договор со кој ќе се прецизира динамиката на активностите кои треба да ги превземе апликантот/факултетот (опремување на просторот, и сите други пропратни предуслови) и динамиката на префрлање на средства од Министерството за економија за кофинансирање на новиот технолошки парк.

Барањата за кофинансирање на проекти со комплетната документација се доставуваат до Архивата на Министерството за економија, ул. "Јуриј Гагарин" 15, Скопје заклучно со **31.08.2018 година.**